**ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА ИМАТЕЛИТЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ДОЛЖНИЧКИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ИЗДАДЕНИ ОД ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ**

**Вовед**

Согласно начелото на транспарентност поврзано со Законот за заштита на личните податоци, ТТК Банка АД Скопје (во понатамошен текст: Банката) ги објавува овие Информации за обработка на личните податоци на физичките лица кои се сопственици на издадените долгорочни должнички хартии од вредност од страна на Банката, законски застапници или полномошници на имателите на долгорочните должнички хартии од вредност на Банката (во понатамошниот текст: иматели).

Овие информации имаат за цел да ги запознаат имателите со нивните права во врска со обработката на личните податоци, односно за начинот на собирање, обработка и чување на личните податоци.

При обработката на личните податоци, Банката постапува во согласност со начелата за обработка на личните податоци согласно Законот за заштита на личните податоци, односно личните податоци:
-ги обработува согласно закон, во доволна мера и на транспарентен начин во однос на имателите,
-ги собира за конкретни, јасни и легитимни цели и не ги обработува на начин што не е во согласност со тие цели,
-се соодветни, релевантни и ограничени на она што е неопходно во однос на целите заради кои се обработуваат,
-се точни и каде што е потребно ажурирани, при што се преземаат соодветни мерки за наваремено бришење или коригирање на податоците што се неточни или нецелосни,
-ги чува не подолго од она што е потребно за целите поради кои се обработуваат,
-ги обработува на безбеден начин, со примена на соодветни технички и организациски мерки кои гарантираат заштита од неовластена или незаконска обработка .
Личните податоци Банката ги собира, обработува и чува законито и транспарентно.

**Идентитет и контакт податоци на контролорот**

Назив на конролорот: ТТК Банка АД Скопје
ЕДБ:4030006597638
Седиште: ул.„ Народен фронт“ 19 А, Скопје
e-mail ttk@ttk.com.mk
тел.: 02/32 47 000

**Контакт податоци на офицерот за заштита на лични податоци**

E-mail: oficerzlp@ttk.com.mk
тел.: 02/32 47 000 лок. 421

**Лични податоци на имателите кои се обработуваат од страна на Банката**

Согласно Законот за трговските друштва, издадените долгорочни должнички хартии од вредност од страна на Банката се запишани во книга на иматели на обврзници која се води во Централниот депозитар на хартии од вредност.

Банката ги обработува следниве лични податоци на имателите на долгорочните должнички хартии од вредност од книгата на иматели на обврзници:
- Име и презиме на имателот,
- Единствен матичен број на имателот,
- Државјанство,
- Адреса и место на живеење
- Број на сметка
- Вид на сметка
- Број на долгорочни должнички хартии од вредност чиј сопственик е имателот.

За остварување на правото на исплата на годишна камата, Банката ќе ги обработува освен горенаведените податоци и платежната сметка и назив на банката во која се исплаќа кamatата.

Банката ги собира горенаведените податоци преку барање до Централниот депозитар за хартии од вредност, издава книга на иматели на обврзници.

Пристап до личните податоци на имателите имаат само одредени овластени лица во Банката поради извршување на нивните работни обврски.

**<u>Правна основа и цели за обработка на личните податоци на имателите</u>**

Личните податоци на имателите Банката ги обработува во согласност со Законот за заштита на лични податоци, а врз основа на важечките законски и подзаконски прописи за работењето на Банката (Закон за трговски друштва, Закон за Банки, Закон за данок на личен доход итн.).

Основна цел на обработката на личните податоци на имателите е исполнување на законските обврски на Банката за идентификација на имателите и исплата на годишна камата.

Поконкретно, личните податоци на имателите се користат за следните цели:
- за исполнување на обврски поврзани со објава на податоци за издадените долгорочни должнички хартии од вредност од страна на Банката,
- за одговор на барање на надлежни регулаторни тела,
- по потреба за контактирање, информирање, односно комуникација со имателите,
- за исплата на годишна камата.

**<u>Доставување на личните податоци на други корисници</u>**

ТТК Банка АД Скопје согласно законските прописи, заради исполнување на законските обврски може да ги сподели личните податоци на имателите на други корисници како што се: Народна банка на Република Северна Македонија, Комисија за хартии од вредност, надлежни судови и сл.

Дополнително, Банката може да ги сподели личните податоци на имателите, односно книгата на иматели на обврзници на надворешни ревизори.
Личните податоци на имателите не се пренесуваат во друга држава.

**Временски период за чување на личните податоци**

Личните податоци на имателите се чуваат не подолго од она што е потребно за целите поради кои се обработуваат личните податоци.
Документацијата поврзана со процесите на тргување со долгорочните должнички хартии од вредност се чува трајно.

**Автоматско донесување на одлуки**

Банката не користи системи за одлучување засновани единствено на автоматизирана обработка на личните податоци на имателите.

**Права на имателите во врска со заштитата на личните податоци**

Согласно Законот за заштита на личните податоци, имателите на долгорочните должнички хартии од вредност ги имаат следниве права поврзани со заштита на личните податоци:
-право на информации за обработка на личните податоци и право на пристап до лични податоци-имателите имаат право да добијат потврда од Банката дали се обработуваат нивните лични податоци,
-право на исправка на неточни или нецелосни лични податоци,
-право на бришење на личните податоци доколку личните податоци повеќе не се потребни за целите за кои биле собрани,
-право на пренос на личните податоци кои имателите ги имаат дадено на Банката, доколку обработката е заснована врз основа на дадена согласност или врз основа на договорна обврска и се врши на автоматизиран начин.
-право на ограничување на обработка на личните податоци, доколку се исполнети законските услови за тоа.
-право на приговор и/или права поврзани со автоматизирано донесување на одлуки, во случаи утврдени со закон.

Имателите на долгорочните должнички хартии од вредност доколку сакаат да остварат некое од погоре наведените права, тоа може да го направат по писмен пат, односно по пошта на горенадевената адреса на Банката, по електронски пат на e-mail на Банката ( ttk@ttk.com.mk ) или Офицерот за заштита на личните податоци (oficerzlp@ttk.com.mk ) или во најблиската експозитура на Банката, на посебен образец. Банката доколку има основано сомневање во врска со идентитетот на физичкото лице што го поднесува барањето, во интерес на правата на имателот може да побара доставување на дополнителни информации потребни за утврдување на идентитетот на физичкото лице,

Доколку имателот на долгорочни должнички хартии од вредност смета дека е повредено некое негово право во врска со заштита на неговите лични податоци, има право да поднесе барање до Агенцијата за заштита на личните податоци согласно со Законот за заштита на личните податоци.